## РАЗЛОВЕЧКОТО ВОСТАНИЕ
## (1876)

**Далибор Јовановски**

Настаните кои ќе се случат на Балканот во периодот од 1875 до 1881 година целосно ќе ја променат неговата политичка карта, а ќе отворат и некои прашања кои долго време имале влијание врз развојот на регионот. Понекогаш временските услови и економските кризи можат да имаат сериозно влијание врз историските текови во одредени региони. Таков бил случајот и со Балканот. Во Босна и Херцеговина жетвата во 1874 година била мошне лоша и неповолна за локалното население. За несреќата да биде поголема, зимата била мошне остра и ја влошила и така очајната состојба на населението. Истото се случувало и со грозјето кое почнувало да скапува. Грозјето било важен производ за херцеговските селани, кои заради карстниот амбиент не можеле да одгледуваат жито во големи количини. Селаните плашејќи се дека нема да имаат што да продадат решиле да не ги чекаат османлиските собирачи на данокот кои, според правилото, први доаѓале во селата и собирале тоа што им одговарало, па започнале со продажба на тоа што имале со цел да преживеат. Кога собирачите на даноци, меѓу кои имало и православни христијани, започнале да го собираат данокот, некои од селаните, не можејќи да платат, побегнале во Црна Гора. Постепено започнале мали судири помеѓу селаните и османлиските воени единици поврзани со тешката економска состојба на населението кое не можело да плаќа данок. Меѓутоа еден настан ќе направи пресврт во целата состојба, па и во историјата. Навидум ништо не покажувало дека во Херцеговина ќе дојде до востание. Кон крајот на јуни 1875 година еден караван на муслимански трговци се движел кон Невесиње со цел да однесе намирници за османлиските војници чиј број бил зголемен, најверојатно, заради напнатата состојба. Кога овој караван, придружуван од вооружени претставници на османлиската власт, се појавил на отворено поле, познатиот ајдучки водач Перо Тунгуз заедно со своите луѓе го нападнал карванот,

притоа убивајќи еден османлиски капетан. Како резултат на овој настан Селим паша наредил опсежна воена операција со цел да бидат фатени луѓето кои го нападнале караванот. Бунтот започнал, одмаздата исто така, но и Големата источна криза. Пушката на Перо Тунгуз можела да биде и на друг ајдук или одметнат селанец и таа била резултат на лошата османлиска управа. Наскоро судирите се прошириле и во Босна. Познатото Босанско - херцеговско востание започнало. Балканот полека, но сигурно завривал, а и Македонија како негов дел.

Академикот Љубен Лапе, анализирајќи ја состојбата во Македонија непосредно пред почетокот на Големата источна криза, нуди одредени податоци кои го покажувале лошиот однос на османлиските власти кон населението. Ваквиот однос на османлиските власти кон населението во Македонија не било резултат само на лошото однесување кон христијаните воопшто. Османлиската држава, и покрај сите обиди, не можела да застане на економски здрави основи. Така, октомври 1875 година било најавено дека државата немала да биде во можност да ги отплаќа долговите, а во април следната година и официјално прогласила банкрот. Неможноста да се поправи економската состојба и да се наметне, за тогашни услови, современ даночен систем, надополнето со лошата управа и дискриминација кон христијанското население биле идеални за почеток на востание или востанија во овој период.

Настаните во Босна и Херцеговина не можеле да не предизвикаат внимание и во Македонија. Османлиските единици кои оделе во Босна и Херцеговина за да се обидат да го задушат востанието минувале и низ Македонија. Некои видни македонски дејци во ова востание, но и во кризата која полека ја зафаќало османлиската држава заради истото, гледале шанса за дејство. Така Димитар Поп Георгиев Беровски, кој се наоѓал во Солун во време на востанието забележал: „Овде имав можност да добијам детални податоци за акциите на Херцеговското востание, па и случајот ми помагаше да ги следам сите движења на турските војски кои и по суво и по море доаѓаа и се упатуваа со железницата преку Митровица за Босна и Херцеговина. Најсилното движење на војската се забележуваше кон крајот на 1875 година и на почетокот на 1876 година. Извештаите за херцеговските востанички акции, движењето на турските војски и мојата положба станаа за мене еднакво несносни. Од ден на ден нестрпливоста во мене растеше и во месец декември 1875 година решив да организирам востание во Македонија со кое барем да му се даде мала помош на Херцеговското востание...“. Очигледна е солидарноста кон православното население од Херцеговина кое се кренало на оружје против лошата

османлиска управа. Но, тука е мошне важно зошто Поп Георгиев бил нестрплив и сакал да организира едно востание во Македонија? Одговорот лежи во неговата биографија. Тука нема да одиме во детална биографија на Беровски, туку само ќе ги спомнеме некои делови од неговото минато кои имале влијание врз неговата одлука за подготовка, а подоцна и кревање на востание. Димитар, имал среќа да биде роден во поимотно семејство во Берово. Желбата на неговиот татко била тој да стане поп, но синот имал темпераментен карактер. Тоа се видело при неговиот престој во Русија кога бил исфрлен од Духовната семинарија во Одеса. Големо влијание врз неговите погледи имал престојот во српската престолнина Белград. Во српскиот главен град, како резултат на обидот на кнезот Михајло Обреновиќ, делувале повеќе револуционерни и бунтовнички групи, а меѓу нив имало и бугарски дејци како Георги Раковски. Во Белград пристигнале и Дедо Иљо Малешевски, Спиро Геров и други македонски бунтовници. Треба да се напомене дека во Србија се уште имало неколку османлиски гарнизони. Нивното протерување било важен дел од српската политика која веќе полека ги оформила своите национални приоритети. Српско - османлискиот судир околу Белградската тврдина како резултат на едно убиство на српско момче од страна на османлиски офицер било причина за заострување на односите меѓу Србија и Османлиската држава. Оваа напнатост довела до странско вмешување, а во 1867 година и до повлекување на османлиските гарнизони од Србија. Беровски, кој учел во Военото училиште во српската престолнина учествувал во судирите во 1862 година. Може да претпоставиме дека сето ова имало големо влијание врз обликување на неговите погледи за вооружената борба во иднина. Тој од Белград се вратил во родното Берово. Таму работел како учител, но активно учествувал во јавниот живот. Познато е неговото ангажирање во борбата на локалното население против струмичкиот патријаршиски митрополит Јеротеј Комбајнос. Кога е во прашање делувањето на Беровски на црковен план треба да се спомене и фактот дека во текот на 1874 година, според Ванчо Ѓорѓиев, Беровски се вбројувал во еден од главните предводници на унијатското движење во Македонија. Сите овие факти доволно објаснуваат зошто кај Беровски се јавила идејата за кревање на востание во Македонија.

Решението и одлучноста да крене востание Димитар Поп Георгиев ја покажал и со активностите околу подготовките на истото. Тој бил свесен дека кревање на едно востание не било едноставна работа. За таа цел требало да се набави оружје, да се испита расположението на луѓето во регионот каде имал намера да започне со востаничките активности. Затоа тој бил свесен дека најпрво требале средства и подготовка на населението. За таа цел тој ги повикал во Солун, попот Стојан од селото Разловци и

Костадин Иљов Карчевски од Берово. На двајцата им кажал за својата намера да крене востание. Стојан и Костадин му дале безрезервна поддршка. Инаку Поп Георгиев во Солун основал и еден револуционерен кружок со цел да се забрзаат подготовките за востанието во кој влегле Димитар Поп Георгиев заедно со неговите браќа, потоа Костадин Карчовски, Петар Димитров Солунски, Стојан Цоцов, Гоге Ширков, браќата Еврови, како и учителките Недела Петкова и Станислава Караиванова.

Беровски бил свесен дека не можел лесно да обезбеди финансиски средства за својата намера да крене востание. Затоа направил нешто што многумина не би го направиле. Го жртвувал својот имот. Имено, Беровски побарал од попот Стојан да оди во Берово и да го продаден неговиот имот. За таа цел Беровски му дал на поп Стојан полномошно писмо кое наводно било со датум како да е од Цариград, со цел да се прикрие трагата. Тој не бирал цена. Единствен услов кој, преку поп Стојан, Беровски го поставил за можните купувачи бил да причекаат тој да се врати во Берово со цел да им ги даде потребните документи. Кон оваа голема саможртва на Димитар Поп Георгиев Беровски се приклучил и самиот поп Стојан кој соопштил дека и тој ќе даде неколку свои крави и масло за потребите за финансиски средства. Попот Стојан успеал да го продаде имотот на Беровски и средствата, преку својот син Костадин Поп Стојанов, му ги пратил на Димитар. Треба да се спомене дека поп Стојан, исто така, бил задолжен од Беровски се погрижи за подготовка на пријателите, како и за набавка на барут и кремен за пушките.

Кога се говори за поп Стојан треба да се нагласи уште еден факт. Тој се согласувал со идеите на Беровски и го извршувал неговите барања. Но тоа не значело дека овој итар човек самоиницијативно не преземал одредени чекори. Така со цел да не бидат забележани, од страна на османлиските власти, подготовките за востание кои течеле на теренот, тој заедно со своите истомисленици решиле да издејствуваат од османлиските власти тие да го соберат десетокот во село Разловци. Со поткуп тие успеале во својата намера. Оваа нивна идеја се покажала мошне полезна за подготовките на востанието и можноста османлиските власти да дознаат за истото. Османлиските власти од Ќустендил се посомневале дека нешто се случувало на теренот. Затоа го повикале поп Стојан кој бил испрашуван, но овој успеал некако да се извлече од непријатната состојба. Кога се вратил во Разловци тој успеал да го собере десетокот со цел да западне во непријатна ситуација.

Беровски бил активен во Солун каде набавувал оружје, олово, барут санитетски материјал и други потребни средства. Според некои македонски историчари, Беровски на периферијата на Солун организирал тајно засолниште каде ги сместувал набавените

материјали, кои во одреден погоден момент требале да бидат транспортирани на планината Голак кај селото Разловци.

На почетокот на 1876 година, Беровски побарал од Револуционерниот комитет во Разловци да направи анализа на состојбите на теренот. За таа цел во Калаџерџево, на повик на попот Стојан, било одржан првиот состанок на кој била разгледана моменталната состојба и биле анализирани потребите, како и подготовките, за востанието. Тогаш било, логично, заклучено дека дотогаш набавеното оружје било недоволно и затоа требало да се продолжи со понатамошна набавка на оружје.

Беровски не се грижел само за набавка на оружје за востанието. Како човек кој имал одредено воено искуство, врз база на искуството од Белград, каде видел и други работи кои не можел да ги забележи во османлиската држава, тој сметал дека востанието требало да има свое знаме. Така тој забележал: „ Во тоа време бев дал снимка од некрунисан лав на Славка Караиванова со мајка и Недела да ни извезат знаме на жолто свилено платно, а лавот со црвена свила и со натпис „Македонија“. Тоа беше за секого тајна“. Академикот Лапе, користејќи статија на рускиот научник Селишчев, се осврнал на ова знаме. Според него, а всушност тоа бил став на рускиот научник кој лично го видел знамето во бугарското село Долна Граштица, на црвеното знаме, на кое имало жолто поле врз кое било извезен темноцрвен лав над чија глава имало натпис со името Македонија. На знамето, исто така имало натпис - „На 8 мај 1876“, а имало и две ленти со зборовите: Станете и Да ви освобода. Постои и еден интересен детаљ околу активностите на Славка Караиванова и нејзината мајка. Недела Петкова во своите спомени споменува една средба со рускиот конзул во Солун, Јакубовски кој ја известил за клеветата на еден од општинарите дека се мешала во политички работи. Недела запишала: „Тоа не беше лага. Ние шиевме една македонско знаме - црвен лав на тенко свилено платно. Но тоа беше шиено навечер и никој, освен поп Петар не знаеше за тоа. Знамето и денес се чува кај синот на Димитар Малешевски, родум од Берово (Македонија)“. Кога е во прашање знамето на востанието, без разлика што оригиналот не е во Македонија може да ја забележиме неговата важност не само како симбол на востанието. На него за прв пат се става името Македонија, без разлика дали тоа се однесувало на народот или пак, само, на областа. На тој начин тоа добива поголемо значење за идното зацврстување на македонската посебност во однос на другите. Симболите имале и имаат, и најверојатно, ќе имаат голема важност за националните идентитети.

Според Лапе и Миноски, Солунскиот комитет воспоставил врски со одредени луѓе од Велес. Со цел подобро да се запознаат со тамошните состојби во Велес бил испратен Петар Солунски во време кога во овој македонски град било закажано тајно собрание. Меѓутоа Солунски морал да го напушти Велес, а според некои видувања, ова собрание било прекинато поради предавство. Македонскиот историчар Ристо Поплазаров смета дека одењето на Петар Солунски во Велес бил негов обид за проширување на заговорничката дејност.

Конечно во април после неколку месечни подготовки и набавки, Беровски од Солун заминал за Малешавијата. Со него го понел целото расположливо оружје кое го набавил во најголемиот град во османлиска Македонија. Беровски пристигнал во Разловци со цел да го преземе раководењето со подготовките за востанието. Откако пристигнал во регионот каде требало да биде кренато востанието во Калаџерџево било одржано второто советување на коа биле донесени неколку значајни одлуки: 1. По завршување на подготовките востанието да избувне во селото Разловци; 2. за главен водач и војвода на востанието бил избран Димитар Поп Георгиев Беровски; 3. Да се нападне Царево село (денешно Делчево) и да се одземе оружјето од Турците да се подели на востаниците со цел тие да се вооружат; 4. Беровски, пред почетокот на востанието, со мала чета требал да изврши обиколка и инспекција на Пијанечко, Малешевско, Виничко, Кочанско, Радовишко, Струмичко, Петричко и Мелничко и да го поттикне населението да биде подготвено за борба по објавувањето на востанието. Во однос на последново, бугарскиот историчар Славе Гоцев забележал дека Беровски и поп Стојан не го замислувале востанието како локален бунт, туку како пошироко народно востание.

Беровски, како што било и планирано, во рок од неколку дена на почетокот на мај 1876 година ги обиколил селата во Малеш каде издал заповеди и инструкции за востанието. Потоа, на 7 мај, се вратил во востаничкиот центар во Калаџерџево каде повторно било одржано собрание, но тогаш работите молскавично се промениле. Неколку селани од Разловци донеле непријатна вест. Во селото пристигнале претставници на сомалиските власти кои уапсиле неколкумина селани истовремено, а се заканувале дека ќе го запалат Разловци, што кај селаните предизвикало сомнеж дека османлиските власти имале некакви информации за подготовките за востание. Како и да е оваа информација ги променила плановите. Наместо да продолжат со подготовките, на собранието во Калаџерцево било решено да се започне со востаничките активности, поточно да се нападне Разловци и да се ослободи од османлискиот терор. Беровски

испратил и курири по малешевските села со цел да го соопштат почетокот на востанието, да се подготви населението и да се чекаат востаниците.

По решението за почеток на востанието, утрото на 8 мај следел напад на село Разловци. Во борбите со Османлиите биле убиени и ранети повеќе луѓе. Разловци било ослободено, а даночните книги, нуфузи и друго биле изгорени.

Во ослободеното Разловци, според Миноски, кој се повикува на Костадин Поп Стојанов, било прочитано писмо кое било добиено од Русија. Спомнувањето на Русија не било случајно. Во записите на Костадин Поп Стојанов за ова востание, кое тој го нарекол Прво македонско востание, може да забележиме дека постарите луѓе расправале како слушнале оти руските цареви имале „клетва од дамнина да го ослободат христијанскиот свет од Турците". Кон ова може да додадеме дека во еден британски извештај, од 25 мај 1876 година, во кој се спомнува Разловечкото востание се говори за циркулација на руски пари во Малешевскиот регион. Дали е ова вистина треба дополнително да се истражува. Но името на Русија како ослободителка на балканските православни христијани било присутно и кај Бугарите со приказните за Дедо Иван и кај Грците со приказната за светлиот народ.

Во селото, според планот на Беровски, била извршена евакуација на населението, а четата на Цоне Спасов била задолжена да се задржи во местото со цел да го брани селото од можен османлиски напад. Потоа оваа чета требала, секако доколку условите тоа го дозволеле, да се приклучи кон главнината на востаничките сили.

Од Разловци востаниците се упатиле кон Митрашинци со цел и таму да го прочитаат писмото , а всушност да го разбунтуваат тамошното население. Меѓутоа и тука настанал проблем. Во ова малешевско село востаниците наишле на двајца Турци кои одбиле да се предадат, по што дошло и до судир. Овој настан, најверојатно им го однел вниманието на востаниците, кои не забележале дека во Митрашинци влегло едно одделение на османлиски заптии. Судирот бил неизбежен. Во него имало загинати и ранети востаници. Тоа што не било добро за востаниците, односно за нивниот морал, било ранувањето на водачот Димитар Поп Георгиев Беровски. Навистина работите не оделе како што треба. Прво, наместо да се продолжи со подготовката за востание, заради влегувањето на османлиските востаници во Разловци, истото започнало. На самиот почеток бил ранет и водачот на востанието.

Збрката која настанала во Митрашинци, имала големо влијание за натамошниот тек на востанието. Наместо да продолжат за Берово, каде, според информациите, ги чекале околу 300 луѓе кои требало да им се придружат, Беровски и Поп Стојан решиле да се вратат во Разловци. Беровчани чекале неколку дена за да се приклучат кон востанието и останале пасивни. Според Ристо Поплазаров оваа нивна одлука се покажала како лоша, а според М. Миноски тоа покажува слабост на востаничкиот штаб и недоволната организациска поврзаност.

Во Разловци во меѓувреме влегол башибозук од околните муслимански села. Четата на Цоне Спасов и покрај сите обиди не можела да се справи со башибозукот. Во селото била извршена пљачка, а биле запалени и куќи, меѓу кои била и онаа на попот Стојан. Наскоро во Разловци се вратиле востаниците кои се судриле со башибозукот, кој после неколкучасовна битка биле исфрлени од селото.

Треба да се напомене дека османлиските власти од Царево село се обиделе да внесат раздор меѓу востаниците. Тоа било логично ако се има предвид дека тие морале да го задушат вооруженото движење пред истото да опфати поголема територија. Така, знаејќи ја улогата на црковните лица во животот на селаните, во Разловци биле испратени двајца свештеници кои требале да ги премислат востаниците. Тогаш на сцена стапил поп Стојан, кој очигледно, проценил дека доаѓањето на свештениците можело да има негативни последици врз одреден број луѓе. Затоа по заминувањето на свештениците, поп Стојан одржал говор во кој истакнал: „Навистина, многу е тешко да се гледа како умираат нашите чеда и браќа, но без жртви нема слобода“.

Востаниците од Разловци се упатиле кон Кочанско, поточно кон селото Лаки. Во близина на ова село се сретнале со локалната чета. Тие заеднички влегле во селото каде имало башибозук кој се повлекол пред нивното настапување. Од Лаки, четата на Беровски се упатила кон радовишкото село Смилјанци каде веќе селаните биле подготвени да се придружат на востаниците. Меѓутоа, османлиските власти од Радовиш не седеле со скрстени раце, а веќе имале и информации за можноста од приклучување на селаните од ова село кон востаниците. Затоа османлиски сили од Ратови се упатиле кон Лаки, а востаниците доцнеле. Тоа влијаело врз однесувањето на селаните. Тие едноставно го скриле оружјето и се повлекле во своите домови. Сето ова ни покажува дека востанието едноставно не било доволно подготвено и, на некој начин, може да забележиме и хаотично делување.

Османлиските власти, изгледа, сериозно ја сфатиле состојбата на теренот. Така, до средината на мај ангажирале релативно голем број на сили за задушување на востаничките активности. Костадин Поп Стојанов, а тоа го прифатиле и другите како Белдедов и Поплазаров, информира дека до 15 мај во Струмица и Радовиш пристигнале 500 војници од редовниот состав, а во Мелник, Петрич и Горна Џумаја по 1000 војници. Во регионот бил пратен Ќел Хасан паша познат по својата суровост.

Беровски и востаниците, чиј број постепено почнал да опаѓа што е разбирливо со оглед на неуспехот кој веќе бил извесен, се упатил кон Малеш. Заради старост и поп Стојан морал да ги напушти редовите на востаниците. Во меѓувреме и војските на Хасан паша навлегле во Разловци. Тие исто така и ги растерале, со огон, селаните кои се сокриле во околината. Како и во секое востание кое немало успех, властите се однесувале мошне сурово кон населението. Многумина биле убиени, а голем дел биле подложени на полициска тортура и осудени. Семејството на поп Стојан, под надзор, било испратено во Ќустендил. Апсењата не се одвивале само во Малешевијата, туку и во Радовишко, Струмичко, Кочанско.

Различна била судбината на двајцата главни дејци во ова востание. Димитар Поп Георгиев Беровски, кој имал одредено воено образование, извесен период успешно ги избегнувал потерите на османлиските сили и бил во постојано движење. Следната година повторно пројавил активност. Попот Стојан кој, како што веќе рековме, заради староста не можел да ги издржи напорите и морал да ги напушти востаничките редови наскоро бил предаден од еден монах во Рилскиот манастир и уапсен од османлиските власти и ликвидиран.

Востанието не успеало, но дали било забележено од дипломатите, имајќи предвид дека тоа било ограничено на мала територија и брзо задушено? Иако востанието не било со големи размери, како што ќе биде по две години Кресненското, сепак може да забележиме информации за настаните во источните делови на Македонија. Славко Димевски пишува дека во извештаите на австроунгарскиот конзулат од Солун може да се најдат информации за Разловечкото востание. Академикот Лапе вели дека и во руските дипломатски извештаи од овој период има информации за востанието. Во еден извештај на британскиот амбасадор во Цариград се спомнува информација добиена од конзулот во Солун за обид на револуционерите „да го дигнат на востание населението во малешевскиот крај...“. Може да заклучиме дека ова востание имало некаков одглас во дипломатските извештаи. Подоцна може да се забележат извештаи на руски и британски

конзули кои се интересирале за состојбата со населението по востанието, кое било под голем османлиски притисок.

Кога се говори за Разловечкото востание интересно е да се разгледа и прашањето дали истото е поврзано со априлските настани во Бугарија. Не е во прашање чие е востанието, туку дали настаните во Разловци се поттикнати од надвор. Тука ќе искористам материјал кој е објавен во соседна Бугарија на почетокот на 20 век. Па така во записите на Костадин Поп Стојанов може да прочитаме дека „ тука ништо не знаеја за револуционерните збиднувања кои се подготвуваа преку таа знаменита година во Северна и Јужна Бугарија“. Историските записи Поп Стојанов ги објавил во 1903 година. Истата година во ќустендилското списание Свято дело се појавила статијата Македонските въстния. Во неа авторот говори за Разловечкото востание и нагласил: „ Тоа востание не било во никаква врска со Априлското од истата година и иако е еднакво датирано тоа е случајно. Многу непријатели на македонската независност говорат дека сите востанија и бунтови во долините на Вардар и Струма биле поттикнати од Бугарија и дека не постоеле причини за незадоволство во Турција. Кој подлабоко размислува во однос на настаните на Балканскиот полуостров и посамостојно расудува и независно од своите тесни националистички погледи ќе дојде до друг заклучок и ќе ги оправда сите тие дејства на македонскиот народ против петвековната тиранија. Дека Бугарија не е причината за постојаното незадоволство кај христијанското население во Турција и дека причината е друга, внатрешна, ни покажува историјата на првото македонско востание... Значи причините за претходните и сегашните македонски востанија се криjат во лошите услови за живот отаде Рила, а не во некакво надворешно поттикнување...“. Овие коментари се доволни за да се заклучи дали востанието во Разловци е самостојно или е поврзано и планирано заедно со други акции во регионот.

Кога се говори за Разловечкото востание, некој критичар би забележал дека заради малата територија која ја опфатило ова востание и малиот број на учесници во него, како и брзото завршување, истото не би можело да се третира како востание, туку како бунт. Меѓутоа дали е тоа така? Несомнено за настаните од мај 1876 година во источните делови на Македонија може слободно да кажеме дека биле едно организирано востание, без разлика на големината на територијата и бројот на луѓето кои зеле оружје во рака. Ова свое тврдење ќе го поткрепам и со ставовите на македонски историчари од постарата генерација, кои, според мене, може да кажеме дека се точни. Па така, според Миноски не се работело за некакво стихијно востание, а уште помалку за бунт „како што,

за жал, порано пишуваа некои наши историчари, и на тој начин го минимизираа неговото значење, туку за организирано македонско востание. Истото беше планирано и подготвено од неговиот идеен творец и неприкосновен водач Димитар Поп Георгиев Беровски како општонародно востание кое требаше да ја зафати целата територија на Македонија". Кога се работи за територијата која ја зафатило востанието, Миноски заклучил дека ограничената територија на која се одвивало востанието, заради одредени околности, со ништо не го намалува неговото историско значење како прво македонско востание. Според него важно е што востанието било организирано и раководено автономно, без никакво влијание од надворешен фактор.

Академикот Манол Пандевски отворено го поставува прашањето „Дали Разловечкото востание е буна или востание?". Според него доколку востанието се сведе само на неколкуте почетни и главно неуспешни битки во Малешевско - Пијанечкиот регион, што според него е неправилно, тогаш би се рекло дека ова е краткотрајна локална буна со мошне ограничени цели, отколку пошироко востаничко движење за ослободување на Македонија. Пандевски смета дека самиот факт што Димитар Поп Георгиев Беровски уште во декември 1875 година донел решение за кревање на востание покажува дека кај него таа идеја постоела уште од порано, а решението било донесено под влијание на настаните во Херцеговина. Според овој македонски историчар идејата за востание во Македонија кај Поп Георгиев зреела уште од времето кога тој бил во Белград. Пандевски смета дека „ дури и кога би се ограничиле само на првиот востанички потфат, оној од мај 1875 година...би заклучиле дека Д. Беровски имал поширока концепција и подалечна политичка визија...Акциите од мај 1875 година не можат да се сведат на изнудена локална буна, уште помалку на тесен илегален заговор...Разловечкото востание се јавува како изразита автохтона и самоиницијативна пројава...".

Академикот Љубен Лапе кој има добар опус за Разловечкото востание забележал дека територијата која требало да ја опфати востанието била ограничена и тоа „ зборува од друга страна и за неразвиеноста на завереничкиот круг и неговата теснота ограничена на луѓе само од источниот дел на денешна СР Македонија и Пиринска Македонија каде што повеќе движеле и организаторите на востанието Димитар Беровски и поп Стојан од Разловци...". Оваа негова констатација само делумно е прифатена од страна на професорот Миноски. Меѓутоа, Лапе, во една дискусија на конференцијата посветена на Големата источна криза и нејзиниот одраз и влијание врз Македонија, нагласил малиот обем на територијата на востанието „ со ништо не го намалува значењето на

Разловечкото востание. Според моето лично мислење, четири месеци подготвување не се малку време за да не можеме да се осмелиме да речеме дека е тоа почеток на нашите организирани борби за национално ослободување".

Ристо Поплазаров, пишувајќи за одењето на Петар Солунски во Велес, забележал дека неговата дејност, како и останатите подготвителни активности, покажале оти потфатот кој сакале да биде преземен имал карактер на востание, а не на буна која обично била спонтана и со помали подготовки и акции.

Тука може да го спомнеме и гледиштето на бугарскиот интелектуалец Ефрем Белдедов кој напишал една помала статија за Разловечкото востание. Тој во воведот на статијата се осврнал на пишувањето на Јордан Иванов, кој во книгата Български старини изъ Македония, напишал дека во 1876 година во Малеш и Пијанец се кренал бунт против Турците. За Белдедов тоа кревање против власта не било бунт, туку добро подготвено востание.

Може да заклучиме дека реално гледано востанието не можело да успее и покрај сите напори на Беровски. Тоа не се проширило на поголема територија, селаните не биле, а реално, ниту можеле да бидат доволно подготвени за борба со османлиските сили кои и онака биле подготвени за делување во секое време, имајќи ги предвид настаните од Босна и Херцеговина. Во Македонија имало доволно сили за задушување и на поголемо востание. Правејќи споредба со тоа на кој начин Грција и Србија стигнале до слободата, односно до независноста и автономијата, може да забележиме дека без поголемо вмешување на големите сили или барем на некоја од нив, на Балканот можеби не би биле создадени нови држави. Бугарскиот пример кој следел многу брзо по крајот на ова востание е добар показател. Априлското востание не беше големо по обем, но имало масакри кои предизвикале реакција, а подоцна и интервенција која довела до создавање на бугарска држава. Сепак, и покрај неуспехот, и покрај малиот обем во однос на подоцнежното Кресненско востание, Разловечкото востание го отвори патот кон развојот на вооружената борба која подоцна доведе и до создавање на македонска држава, а на тој начин и можност за засилување и зацврстување на македонската национална посебност во однос на другите.

**Литература:**


Белдедовъ Ефрем, Разловското въстание въ Македония, - 8 май 1876, Отецъ Паисий, год. XVI, кн. 2-3, София

Британски документи за историјата на Македонија, т. 4, ред. Драги Ѓоргиев, ДАРМ, Скопје, 2003

Gleni Miša, Balkan 1804-1999. Nacionalizam, rat i velike sile, I, b92, Beograd, 2001

Гоцев Славе, Национално - революционни борби в Малешево и Пиянец 1860 - 1912, Отечествен фронт, София, 1988

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т.1, УКИМ, Скопје, 1981

И.Д., Македонските възтния, Свято дело - македонско списание, год. I, книжка VII, Кюстендилъ, априлий, 1903

Димевски Славко, Положбата во Македонија за време и по Разловечкото востание според извештаи на австриskиот генерален конзулат во Солун, Македонија во Источната криза, МАНУ, Скопје, 1978

Ѓорѓиев Ванчо, Димитар Поп Георгиев Бероивски и унијатството, во: Малеш 100 години по Димитар Поп Георгиев Беровски. Минато, сегашност и иднина, Општина Берово, Берово, 2007

Лапе Љубен, Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски, Скопје, 1976

Лапе Љубен, Македонија во XVIII, XIX и XX век, Култура Скопје, 1992

Миноски Михајло, Новооткриени документи за револуционерната дејност на Димитар Поп Георгиев Беровски, ГИНИ, XVI/3, Скопје, 1973

Миноски Михајло, Улогата на Димитар Поп Георгиев Беровски во Разловечкото востание, во: Димитар Поп Георгиев - Беровски и неговото време, Скопје - Берово, 1991

Неделя Петкова, Спомени, Съставителство, коментар и бележки Бойко Киряков, Отечествен фронт, София, 1987

Пандевски Манол, Димитар Поп Георгиев Беровски предвесник на македонското револуционерно движење од илинденскиот период, во: Димитар Поп Георгиев - Беровски и неговото време, Скопје - Берово, 1991

Поплазаров Ристо, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850-1878, ИНИ, Скопје, 1978

Поп Стојанов Костадин, Триесет години наназад. Историски записи за првото македонско востание во 1876 година, Зегин, Скопје, 2000

Стојчев Ванче, Воена историја на Македонија, СДИРМ – Воена Академија „Генерал Михајло Апостолски“, Скопје, 2000

Трајановски Александар, Животот и делото на Димитар Поп Георгиев Беровски (1840-1907) во: Димитар Поп Георгиев - Беровски и неговото време, Скопје - Берово, 1991